**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
1126-703/2013 од 11.02.2013 14:48:07

1126-703/2013

Врз основа на член 159 став (3) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2008), Агенцијата за катастар на недвижности, Центар за катастар на недвижности Скопје издава

# ПОТВРДА

**за запишување на правата на недвижностите кои во систематското запишување останале незапишани**

Се потврдува дека е извршено запишување на правата на недвижностите кои во систематското запишување останале незапишани, во КО ЦЕНТАР 2 по пријавата на: МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, 0000001, - СКОПЈЕ, заведена под број 1126-703/2013 од 08.02.2013 година.

Запишувањето е извршено согласно член 128, 129 и 130 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2008).

Предмет на барање е излагање на КП 281/6 и на дел од КП 280/12 КО Центар-2 врз основа на нумерички податоци 1125/34/2013 изработени од АКН. Според состојбата на кат план КП 281/6 е електричен објект и КП 2 81/6 се излага на ЕВН Македонија АД според член 5 од Законот за измени и дополнување на Законот за Преобразба на ЕСМ. Според стара кат евиденција денешната КП 281/6 преставува дел од поранешна КП 9204/1 КО Скопје која била евидентирана во ПЛ 15709 на РМ -Фонд за уредување на градежно земјиште. Новоформираната КП 280/13 со површина од 541 м2 се излага на Република Македонија според стара кат евиденција за КО Скопје. Според стра кат евиденција денешната КП 280/13 преставува дел од поранешна КП 9204/1 КО Скопје која била евидентирана во ПЛ 15709 на РМ -Фонд за уредување на градежно земјиште.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа потврда нема место за жалба, а може да се поведе управен спор со тужба пред Управниот суд во Скопје во рок од 30 дена од денот на доставувањето на потврдата.

"Верно на прим... содржан... во збир..."

М.П.

**Службено лице**
**Весна Блажевски**

(име, презиме и потпис)

"Верно со ... содржан
во обј...

Податоци за сертификатот на овластеното лице
Сертификатот е издаден на: Расима Куч
Издавач: Makedonski Telekom CA
Сериски број: 57f9115a
Валиден до: 13.11.2018
Датум и час на потпишување: 20.06.2018 во 15:38:56
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

РЕШЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
на ден 20.06 2018 год.
2018 год.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Уп1 Бр.27-54 од 19.06.2018 год
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, постапувајќи по барањето за исправка на техничка грешка во Решение за утврдување правен статус на бесправен објект Уп1 Бр.27-54 од 13.06.2018 година, донесено од Градоначалникот на Општина Центар – Скопје на **ЗСФ -КОМ ДООЕЛ увоз – извоз Скопје** , врз основа на член 222 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на РМ"бр.38/2005, бр.110/2008, бр.51/2011), го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

За исправка на грешка во Решение за утврдување правен статус на бесправен објект со Уп1 Бр.27-54 од 13.06.2018 година

1. **СЕ ВРШИ ИСПРАВКА** во диспозитивот на Решение за утврдување правен статус на бесправен објект со Уп1 Бр.27-54 од 13.06.2018 година, донесено од Градоначалникот на Општина Центар – Скопје и тоа во делот каде што стои:

Се утврдува правен статус на бесправен објект со намена А1 – домување во станбени куќи заедно со помошни објекти во функција на објект со намена А1-домување во станбени куќи, кои се наоѓаат на ул.,,Васил Ѓоргов,, бр.6а, КП 280/2 , КП 280/17, КП 280/18, КП 280/13, КП 280/12 и КП 280/15, КО Центар 2, запишан во Имотен лист на земјиште бр.16505 за КП 280/17, имотен лист на земјиште со бр.56335 за КП 280/13, имотен лист на земјиште со бр.56678 за КП 280/18, КП 280/15 и КП 280/12, имотен лист на земјиште со бр.57537 за КП 280/2, со површина на земјиште под зграда 1 од 71 м2 за КП 280/2, под зграда 6 од 238м2 за КП 280/17, под зграда 12 од 32м2 за КП 280/18, под зграда 1 од 98м2 за КП 280/13, под зграда 2 од 56м2 за КП 280/13, под зграда 2 од 1м2 за КП 280/15, под зграда 3 од 13м2 за КП 280/13, под зграда 1 од 9м2 за КП 280/12, под зграда 6 од 171м2 за КП 280/18, под зграда 7 од 63м2 за КП 280/12, под згрда 8 од 23м2 за КП 280/18, под зграда 13 од 9м2 за КП 280/18 и под зграда 14 од 10м2 за КП 280/18, кој објект е означен како:

На КП 280/2, КП 280/17 и КП 280/17 :

- број на зграда 1, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А1-1/СТ внатрешна површина: 148 м2
- број на зграда 1, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А1-1/ПП внатрешна површина: 14 м2
- број на зграда 1, влез 1, кат МА, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А1-1/СТ внатрешна површина: 18 м2
- број на зграда 1, влез 1, кат МА, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А1-1/ПП внатрешна површина: 5 м2

На КП 280/13 и КП 280/12 :

- број на зграда 3, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-1/Г внатрешна површина: 18 м2

На КП 280/13:

- број на зграда 1, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/П внатрешна површина: 14 м2
- број на зграда 1, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/ПП внатрешна површина: 77 м2

На КП 280/13 и КП 280/15:

- број на зграда 2, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/П внатрешна површина: 34 м2
- број на зграда 1, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/ПП внатрешна површина: 17 м2
- број на зграда 1, влез 1, кат ПО, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/П внатрешна површина: 24 м2

На КП 280/18 и КП 280/12:

- број на зграда 6, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/П внатрешна површина: 218 м2

На КП 280/18:

- број на зграда 8, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-1/Г внатрешна површина: 17 м2

На КП 280/18:

- број на зграда 13, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/П внатрешна површина: 6 м2
- број на зграда 14, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/П внатрешна површина: 8 м2

**а треба да стои:**

Се утврдува правен статус на бесправен објект со намена А1 – домување во станбени куќи заедно со помошни објекти во функција на објект со намена А1-домување во станбени куќи, кои се наоѓаат на ул.„Васил Ѓоргов„ бр.6а, КП 280/2 , КП 280/17, КП 280/18, КП 280/13, КП 280/12 и КП 280/15, КО Центар 2, запишан во Имотен лист на земјиште бр.16505 за КП 280/17, имотен лист на земјиште со бр.56335 за КП 280/13, имотен лист на земјиште со бр.56678 за КП 280/18, КП 280/15 и КП 280/12, имотен лист на земјиште со бр.57537 за КП 280/2, со површина на земјиште под зграда 1 од 71 м2 за КП 280/2, под зграда 6 од 238м2 за КП 280/17, под зграда 12 од 32м2 за КП 280/18, под зграда 1 од 98м2 за КП 280/13, под зграда 2 од 56м2 за КП 280/13, под зграда 2 од 1м2 за КП 280/15, под зграда 3 од 13м2 за КП 280/13, под зграда 1 од 9м2 за КП 280/12, под зграда 6 од 171м2 за КП 280/18, под зграда 7 од 63м2 за КП 280/12, под згрда 8 од 23м2 за КП 280/18, под зграда 13 од 9м2 за КП 280/18 и под зграда 14 од 10м2 за КП 280/18, кој објект е означен како:

На КП 280/2, КП 280/17 и КП 280/17 ;

- број на зграда 1, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А1-1/СТ внатрешна површина: 148 м2
- број на зграда 1, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А1-1/ПП внатрешна површина: 14 м2
- број на зграда 1, влез 1, кат МА, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А1-1/СТ внатрешна површина: 18 м2
- број на зграда 1, влез 1, кат МА, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А1-1/ПП внатрешна површина: 5 м2

На КП 280/13 и КП 280/12 :

- број на зграда 3, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-1/Г внатрешна површина: 18 м2

На КП 280/13:

- број на зграда 1, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/П внатрешна површина: 14 м2
- број на зграда 1, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/ПП внатрешна површина: 77 м2

На КП 280/13 и КП 280/15:

- број на зграда 2, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/П внатрешна површина: 34 м2
- број на зграда 2, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/ПП внатрешна површина: 17 м2

- број на зграда 2, влез 1, кат ПО, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/П внатрешна површина: 24 м2

На КП 280/18 и КП 280/12:

- број на зграда 6, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/П внатрешна површина: 218 м2

На КП 280/18:

- број на зграда 8, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-1/Г внатрешна површина: 17 м2

На КП 280/18:

- број на зграда 13, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/П внатрешна површина: 6 м2
- број на зграда 14, влез 1, кат ПР, стан 1, намена на зграда/посебен дел од зграда: А5-4/П внатрешна површина: 8 м2

2. Овој заклучок е составен дел од Решение за утврдување правен статус на бесправен објект со Уп1 Бр.27-54 од 13.06.2018 година, донесено од Градоначалникот на Општина Центар –Скопје.

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општина Центар – Скопје донесе Решение за утврдување правен статус на бесправен објект со Уп1 Бр.27-54 од 13.06.2018 година.
Градоначалникот на Општина Центар – Скопје постапувајќи по барање на ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз – извоз Скопје со седиште на ул.,,Џон Кенеди,, бр.2/1-1 во Скопје, а врз основа на увид во списите од предметот поднесен под Уп1 Бр.27-54 од 31.01.2018 година, констатира дека се исполнети законските претпоставки за исправка на грешка во диспозитивот на Решението за утврдување правен статус на бесправен објект со Уп1 Бр.27-54 од 13.06.2018 година донесено од Градоначалникот на Општина Центар-Скопје, па согласно член 222 од Законот за општа управна постапка се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против овој Заклучок незадоволната странка може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Заклучокот до Министерството за транспорт и врски. Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса и 50,00 денари за поднесување на жалба. Таксата согласно Законот за административни такси во износ од 250 денари е наплатена и приложена со барањето.

Доставено до :
- Барателот
- Архива.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**Саша Богдановиќ**

Податоци за сертификатот на овластеното лице
Сертификатот е издаден на: Елена Галевска
Издавач: Makedonski Telekom CA
Сериски број: 5І256867
Валиден до: 20.01.2022
Датум и час на потпишување: 29.12.2021 во 15:06:31
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

**УП.бр.25-100/21**

Министерство за финансии, Управа за имотно-правни работи, Подрачно Одделение за првостепена управна постапка во Центар-Скопје, постапувајќи по барањето за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост УП.бр.25-100/21 од 07.12.2021 поднесено од Друштво за градежништво, проектирање, инжентеринг, трговија и услуги ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, а врз основа на член 29 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Сл.весник на РМ" бр. 4/05, бр.13/07, бр.165/08, бр.146/09, бр.18/2011, бр.51/2012, бр.27/2014, бр.144/2014, бр.72/2015, бр.104/2015, бр.153/2015, бр.23/2016, бр.178/2016, бр.120/2018 )на ден 28.12.2021 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за приватизација на градежно земјиште по основ**
**без платен надомест**

1. **БАРАЊЕТО** за приватизација на градежно земјиште УП.бр.25-100/21 од 07.12.2021 година, **СЕ УВАЖУВА.**
2. **Градежното земјиште** во државна сопственост што претставува:

**- КП 280/13 КО Центар 2,**
Гиз во површина од 364 м2,

**- КП 280/15 КО Центар 2,**
Гиз во површина од 54 м2,

**-КП 280/24 КО Центар 2,**
Гиз во површина од 5 м2,

**-КП 82/25 КО Центар 2,**
Гнз во површина од 240 м2,

**сите запишани во Имотен лист број 58982 за КО Центар 2, согласно геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци за реализација на урбанистички планови и урбанистичко планска документација во постапките за формирање градежна парцела заради изградба на објект, за откуп/закуп на градежно земјиште, приватизација на градежно земјиште И др. Број 0802-292/2 од 22.12.2021 година изработен од МА-КАТ ПРИМ ДООЕЛ Скопје, СЕ ПРИВАТИЗИРА.**

3. Градежното земјиште од точка 2 од диспозитивот на ова решение се приватизира во сопственост на:

- **Друштво за градежништво, проектирање, инженеринг, трговија и услуги ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, бул. Партизански одреди бр.106/лок 1-Карпош, Карпош со ЕМБС 5778379 И ЕДБ 4030003483283.**

**4.** Се задолжува барателот Друштво за градежништво, проектирање, инженеринг, трговија и услуги ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, во рок од 30 дена по правосилноста на ова решение да плати надомест во износ од **290.394,00** денари за приватизирано градежно земјиште **во површина од 663 м2**, сметано по 438,00 денари за 1 м2 наменето за градба- намена: Б5 Хотелски комплекси, **на трезорска сметка 100000000063095, банка на приемачот е Народна Банка на Република Македонија, уплатна сметка 840-182-06228, приходна сметка 733127 00, цел на дознака Буџет на Република Македонија, приватизација на градежно земјиште сопственост на Република Македонија.**

**5.**Доколку барателот не го плати надоместот за приватизираното градежно земјиште во рокот утврден во точка 4 на ова решение, истото по службена должност ќе биде поништено.

**6.**По правосилноста на ова решение, правото на сопственост на градежното земјиште од точка 2 од диспозитивот на ова решение да се запише во јавната книга за запишување на правата на недвижностите односно да се евидентира во катастарот на земјиштето.

**7.**За приватизираното градежно земјиште согласно со член 10 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост не се плаќа данок на промет на недвижности и права.

**О б р а з л о ж е н и е**

Барателот Друштво за градежништво, проектирање, инженеринг, трговија и услуги ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, поднесе барање УП.бр.25-100/21 од 07.12.2021 година за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост што претставува: КП 280/13 КО Центар 2, Гиз во површина од 364 м2, КП 280/15 КО Центар 2, Гиз во површина од 54 м2, КП 280/24 КО Центар 2, Гиз во површина од 5 м2, КП 82/25 КО Центар 2, сите запишани во Имотен лист број 58982 за КО Центар 2, на кое има стекнато право на користење по основ без платен надомест.

Постапувајќи по барањето, оваа Управа утврди дека барањето е доставено до органот на државната управа надлежен за имотно-правни работи, одделение за управна постапка на подрачјето каде што се наоѓа градежното земјиште што е предмет на барањето за приватизација.

Барањето го содржи основот на правото што се бара.

Кон барањето е приложена и следната документација:

- Доказ за идентификација на барателот, тековна состојба ;
- Имотен лист број 58982, за земјиште бр.1105-228013/2021 од 30.11.2021 година за КО Центар 2,
- Имотен лист број 16505, за објект бр.1105-250437/2021 од 27.12.2021
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци за реализација на урбанистички планови и урбанистичко планска документација во постапките за формирање градежна парцела заради изградба на објект, за откуп/закуп на градежно земјиште, приватизација на градежно земјиште и др. Број 0802-292/2 од 22.12.2021 година изработен од МА-КАТ ПРИМ ДООЕЛ Скопје.

- Уверение за историски преглед за извршените запишувања за КП број 280/13 КО Центар 2, бр.1107-10945/2021 од 22.12.2021 година
- Уверение за историски преглед за извршените запишувања за КП број 280/15 КО Центар 2, бр.1107-10951/2021 од 22.12.2021 година
- Уверение за историски преглед за извршените запишувања за КП број 280/24 КО Центар 2, бр.1107-10953/2021 од 22.12.2021 година
- Уверение за историски преглед за извршените запишувања за КП број 82/25 КО Центар 2, бр.1107-10945/2021 од 22.12.2021 година
- Уверение за историски преглед за извршените запишувања за КП број 280/18 ЗГРАДА 6 ВЛЕЗ 1 КАТ ПР СТАН 1 КО Центар 2, бр.1107-11036/2021 од 22.12.2021 година
- Договор за купопродажба на недвижен имот од 06.09.2017 година, солемнизиран од нотар Муамед Шеху под ОДУ бр.275/2017 од 12.09.2017 година.
- Записник од увид на лице место У.бр.25-100/1 од 28.12.2021 година од стручно лице геометер.

Органот по добивањето на барањето за приватизација, согласно законските прописи и рокови, применувајќи го начелото на законитост и ефикасност, ги разгледа сите докази заедно и секој посебно и ја утврди следнава фактичка состојба:Правното лице Друштво за градежништво, проектирање, инженеринг, трговија и услуги ЗСФ-КОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, на ден 06.09.2017 година склучил Договор за купопродажба на недвижен имот, солемнизиран од нотар Муамед Шеху под ОДУ бр.275/2017 од 12.09.2017 година. Со овој договор барателот купил недвижен имот односно земјиште и стан кој се наоѓаат на улица Васил Ѓоргов 6А и претставуваат КП 280/17 и КП 280/2 КО Центар 2, запишани во Имотен лист 16505 за КО Центар 2. Во истиот Имотен лист 16505 КО Центар 2, со право на сопственост на барателот е запишана и предметната КП 280/13 КО Центар 2, како и останатите објекти во сопственост на барателот. Предметната КП 280/13 КО Центар 2, е запишана како стекната по основ на легализација, но видно од Уверение за движење на објект односно етажна сопственост,видно е дека произлегува од КП 280/2 КО Центар 2, што значи објектот има правна основа.***Ова согласно член 2, точка 4 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост според кој : Корисници на градежно земјиште се....и правните лица кои користат градежно земјиште по основ на сопственост на објект стекнат со правна основа, а не се евидентирани како корисници во катастарот на земјиште, односно не се запишани како корисници на земјиштето во катастарот на недвижности, при што земјиштето е евидентирано односно запишано како сопственост на Република Македонија согласно Законот за основните сопственосно правни односи (Службен лист на СФРЈв број 6/80 и 36/90), Законот за градежно земјиште (Службен весник на СРМв број 36/75,41/75,10/79, 51/88, 38/91 и 4/93 ),Законот за промет со земјишта и згради ( Службен весник на СРМв број 10/79,18/89,21/91),( Службен весник на Република Македонија број 71/96 и 18/99 ) и Законот за сопственост на делови од згради ( Службен весник на Република Македонија број 20/74 и 14/75).***

Органот ценејќи го горецитираниот договор за купопродажба утврди дека барателот купил легален објект кој што лежи на КП 280/2 стара односно КП 280/13 нова, исто така од Уверението за движење на етажна сопственост се констатира

дека новата КП 280/13 произлегува од стара КП 280/2 каде што лежел објектот, па согласно доставените докази овој орган утврди дека објектот иако има статус на легализиран објект сепак дел од објектот произлегува од КП 280/2 каде што имало запишано легален објект а исто така се утврди дека објектот кој што лежи на КП 280/13 произлегува од Имотен лист бр.16505 КО Центар 2, кој што од самиот почеток до денес се нема променето и тоа претставува уште еден доказ дека објектот во дел е со правна основа.

Во Имотниот лист за земјиште број 58982 за КО Центар 2, покрај предметната КП 280/13 КО Центар 2, се евидентирани и КП 280/15, КП 280/24 и КП 82/25 сите КО Центар 2. Согласно геодетски елаборат за нумерички податоци како и записник од увид на лице У.бр.25-100/1 од 28.12.2021 година според кој во градежната парцела влегуваат КП 280/24 во површина од 5 м2, КП 280/15 во површина од 54 м2,КП 82/25 во површина од 240 м2, кои на лице место се зафатени со објецт сервис перална, дел со бетониран простор пред сервисот, дел со пристапна улица до околни објекти и дел со паркинг простор, КП 280/13 во површина од 364 м2, на лице место се зафатени во дел со дворно место од објектите на барателот, дел со пристапна улица од околни објекти и дел со паркинг простор. Исто така укажано е дека споменатата пристапна улица и паркинг просторот со важечкиот дуп не се задржува односно не се предвидени како такви, и за околните објекти е предвидено ново односно друго сообраќајно решение ,***па согласно член 14 став 3 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост според кој: Градежното земјиште на кое право на користење имаат правни лица може да се приватизира во рамките на градежната парцела чија површина е дефинирана со актот за урбанистичко планирање со кој се утврдува градежната парцела.***

Согласно горенаведеното, Органот утврди дека станува збор за земјиште кое било стекнато без надомест, ***па согласно член 20, точка 2 од Законот за приватизација и зкуп на градежно земјиште во државна сопственост исполнети се условите истото да биде приватизирано во сопственост на барателот со надомест, врз основа на тоа што стекнал право на објект со правна основа при што со пренесување на правото на сопственост на објектот е пренесено и правото на користење на градежно земјиште во општествена, односно државна сопственост, а во рамки на гардежна парцела.***

Ова согласно член 29, член 2, точка 4, а во врска со член 14 став 3, член 20 точка 2 и точка 3 и член 18 став 2 точка 2 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Сл.весник на РМ" бр. 4/05, бр.13/07, бр.165/08, бр.146/09, бр.18/2011, бр.51/2012, бр.27/2014, бр.144/2014, бр.72/2015, бр.104/2015, бр.153/2015, бр.23/2016, бр.178/2016, бр.120/2018 )и член 2 од Уредбата за висината на надомест за приватизација на градежно земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште и Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за висина на надомест за приватизација на градежно земјиште што се приватизира, начинот и постапката за наплата на надоместот за приватизација на градежно земјиште ("Сл.весник на РМ" бр.87/07,бр.26/08, бр.115/09, бр.46/10 и бр.48/11) барателот се задолжува да го плати надоместот утврден во точка 4 од ова Решение.

При ваква состојба, врз основа на спроведената постапка и приложените докази се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Согласно член 10 од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Сл.весник на РМ" бр. 4/05, бр.13/07, бр.165/08, бр.146/09, бр.18/2011, бр.51/2012, бр.27/2014, бр.144/2014, бр.72/2015, бр.104/2015, бр.153/2015, бр.23/2016, бр.178/2016, бр.120/2018 )за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост не се плаќа данок на промет на недвижности и права.

Административната такса по тарифен број 1 и 3 од Законот за административни такси („Сл.весник на РМ„ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11 и 84/12) во износ од 300,00 денари е соодветно наплатена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена сметано од денот на приемот. Жалбата се поднесува преку овој орган до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, со плаќање од по 250,00 денари административна такса за секој барател ( на образец ПП 50: Назив и седиште на примач: Трезорска сметка; Банка на примач: НБРМ; Трезорска сметка : 100000000063095; Уплатна сметка 840-182-03161; Приходна шифра: 722313 програма 00; Цел на дознака: Административна такса ), непосредно или по пошта.

Решено во Министерство за финансии, Управа за имотно правни работи, Подрачно Одделение за првостепена управна постапка во Центар-Скопје на ден **28.12.2021 година, под УП.бр.25-100/21.**

***Изработил:***
***Ана Митревска, советник***

**По овластување на Директорот**
**Ана Митревска**

**ДОСТАВЕНО:**
**-Државно правобранителство**
**на Република Македонија**
**-барателот**

РЕШЕНИЕТО Е ПРАВОСИЛНО
VENDIMI ËSHTË I PLOTËFUQISHËM
на ден/në datë 29 -12- 2021 год./vit
датум на завршување е извршно 29 -12- 2021 год.
Потпис/Nënshkrimi